# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-2400/2

Скопје 16.06.2020г.


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 248/18, 27/19, 154/20, 42/20) и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 248/18), а согласно член 20 став 1 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-2932/1 од 27.05.2020 година, заведено со наш арх. бр.12-2400/1 од 01.06.2020 година, поднесено од барателот на информација преку застапникот / полномошник Адвокатско друштво Томислав Кузманоски од Скопје, на ден 16.06.2020 година донесе:

### РЕШЕНИЕ

**СЕ ОТФРЛА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 0302-2932/1 од 27.05.2020 година, заведено со наш арх. бр.12-2400/1 од 01.06.2020 година, од барателот на информација .

### Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација преку застапникот / полномошник Адвокатско друштво Томислав Кузманоски од Скопје, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.0302-2932/1 од 27.05.2020 година, заведено со наш арх. бр.12-2400/1 од 01.06.2020 година, со кое се бара следната информација од јавен карактер: "податоци за сопственост и уредник на интернет порталот ______________"

По извршениот увид во доставеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека не располага со бараната информација од јавен карактер, поради што се одлучи како во

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

диспозитивот на ова решение. Имено, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14) и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 248/18, 27/19, 154/20, 42/20), нема надлежност за регулирање на интернет порталите, поради што Агенцијата не располага со бараната информација од јавен карактер.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 248/18, 27/19, 154/20, 42/20) и член 43 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 248/18), а согласно член 20 став 1 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации,

_________________________

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

_________________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агецијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Застапникот / полномошник на Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службеното лице при остварување на правото на слободен пристап до информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.